3176.

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 октомври 2020 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО, КОНКУРЕНТНОСТА И ИНОВАТИВНОСТА НА МАЛИТЕ И СРЕДНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО 2020 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20) во член 1, зборовите: „20.800.000,00 (дваесет милиона и осумстотини илјади)“ се заменуваат со зборовите: „17.870.500,00 (седумнаесет милиона осумстотини и седумдесет илјади и петстотини)“.

Член 2

Во член 2, точка 1, бројот: „1339” се заменува со бројот: „1150”, а износот: „15.000.000,00“ се заменува со износот: „12.880.000,00“.

Во точка 2, бројот: „40“ се заменува со бројот: „35“, а износот: „1.500.000,00“ се заменува со износот: „1.350.000,00“.

Во точка 3, износот: „2.300.000,00“ се заменува со износот: „2.200.000,00“.

Во точка 4, износот : „100.000,00“ се заменува со износот: „50.000,00“.

Во точка 6, износот: „200.000,00“ се заменува со износот: „168.000,00“.

Во точка 7, износот: „250.000,00“ се заменува со износот: „210.500,00“.

Во точка 8, износот: „200.000,00“ се заменува со износот: „160.000,00“.

Во точка 9, износот: „200.000,00“ се заменува со износот: „163.000,00“.

Во точка 10, износот: „150.000,00“ се заменува со износот: „119.000,00“.

Во точка 11, износот: „150.000,00“ се заменува со износот: „120.000,00“.

Во точка 12, зборовите: „на 12 мај 2020“ се заменуваат со зборовите: „со серија на вебинари во период од 21 октомври до 18 ноември 2020 година“, а износот: „100.000,00“ се заменува со износот: „50.000,00“.

Точката 13 се брише.

Член 3

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-7903/1
6 октомври 2020 година
Скопје

Прв заменик на
Претседателот на Владата
на Република Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

3177.

Врз основа на член 99 став (7) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр.99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 октомври 2020 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, ПРОДАЖБА И ОДРЖУВАЊЕ НА СТАНБЕНИОТ ПРОСТОР ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Во Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.25/20), во Вториот дел, Глава 1, во подточка I.1.2., во ставот 1 зборовите “11(единаесет) објекти“ се заменуваат со зборовите “12 (дванаесет) објекти“.

Во ставот 2 зборовите “5 (пет) објекти“ се заменуваат со зборовите “6 (шест) објекти“.

2. Прилогот 1.2 се заменува со нов прилог 1.2 кој е составен дел на оваа програма.

3. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-8338/1
6 октомври 2020 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

Прилог 1.2

I.1.2. Изградба на објекти на локации кои не се задржуваат согласно важечкиот урбанистички план, а на локациите е планирана станбена изградба														
Град	Локација (објект)	Катност	Број на објекти	Станови сопственост на РСМ			Станови што ќе се добие во надомест РСМ		подрум		гаража/паркинг		Локација	
				број	вкупна станбена површина ($м^2$)	помошни простории/ подруми ($м^2$)	број	вкупна површина ($м^2$)	број	површина ($м^2$)	број	површина ($м^2$)	ГП	КО
Скопје	ул. Никола Тримпаре бр. 29													
	ул. Шитска бр. 32													
	ул. Иво Лола Рибар бр. 125А													
	Бул. 3-та Македонска бригада бр. 3/49													
	ул.Симеон Кавракиров бр. 22													
	ГП 2.58 Локалитет Клинички блок Димитар Мирчев бб													
	ул.Симеон Кавракиров бр.5 и 7 ДУП локалитет Црква УЕ Б Аеродром	П+9+Пк	1	3	84	18	5	93.5					3.5	Кисела Вода 2
	ул.Вангел Тодорвски бр.15 и 17 ДУП лок. Црква УЕ Б Аеродром	П+9+Пк	1	1	39	2	4	155	2	7.07	3	41.83	3.9	Кисела Вода 2
	ул.Пандил Шишков бр.1,3,5 и 7 ДУП локалитет Црква УЕ Б Аеродром	П+10+Пк	1	1	55	3	2	128			2	27.7	7.1	Кисела Вода 2
	ул.Фрањо Клуз бр.10,12 и 14 ДУП локалитет Црква УЕ Б Аеродром	П+9+Пк	1	1	28	3	1	51.77			1		13.1	Кисела Вода 2
	ул. Фрањо Клуз бр.4,6 и 8 ДУП локалитет Црква УЕ Б Аеродром	П+9+Пк	1	1	28	2	1	51.52			1	13.79	13.2	Кисела Вода 2
	Г.П. 4.1 ул. Анвстас Митрев бр.3 Аеродром	П+5+Пк	1	1	17		1	86.49		Остава 6,09	1	18.05	4.1	Кисела Вода 2
Битола	ул. Јане Сандански бр. 30													